Стана пракса секоја година младите хуманисти од ОУ “11 Октомври” да се вклучуваат во активностите кои Црвен крст на град Скопје ги реализира за децата и младите од дневниот Центар за церебрална парализа Капиштец. Ова година се реализираа 4 работилници во 4 класа од третите и четвртите оделенија , на кои присуствуваа 100 ученика кои изработуваа честитки и велигденски јајца кои беа наманети за продажба кај нивните родители. Децата се дел од активноста Велигденско дрво на желби кое е поставено во Рамстор и на кое се закачени желбите на децата од Центарот за церебрална парализа Капиштец. Со собраните пари ќе се купаат три подароци, од кои два пара патики и еден собен велосипед за дете кое има ослабната мускулатура. Учениците и ќе присуствуваат на настанот кој ќе се случува во Рамстор на 12 април со почеток во 11.00 часот кога ќе се доделуваат подароците и и ќе имаат можност да бидат со децата за кои заеднички твореа и ја покажаа својата хуманост. Особена е важна поврзаноста и поддржката која ја даваат наставниците но и самите родители.

